**20191181614**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 5 став 3 од Законот за Царинската тарифа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/03, 69/04, 10/08, 160/08, 35/10, 11/12, 93/13, 44/15, 81/15 и 192/15), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕТО НА ОДРЕДЕНИ СТОКИ ВО КОМБИНИРАНАТА НОМЕНКЛАТУРА СОГЛАСНО СО РЕГУЛАТИВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА (*)

Член 1

Во Уредбата за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/14, 65/14, 113/14, 157/14, 17/15, 67/15, 126/15, 177/15, 2/16, 68/16, 133/16, 202/16, 22/17, 48/17, 162/17, 189/17, 44/18, 99/18, 157/18, 201/18, 234/18 и 45/19), во членот 1, во ставот (2) броевите „224“ и „389“ се бришат, по бројот „422“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по Прилогот 423 се додава нов Прилог 424 кој е составен дел на оваа уредба.

Член 2

Прилогот 224 се брише.

Член 3

Прилогот 389 се брише.

Член 4

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“ .

Бр. 45-3499/1
3 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

* Со оваа уредба се врши усогласување со Регулативите на Комисијата на ЕУ за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура, CELEX бр. 32019R0368 и 32019R0321.